УДК 398.22:94(497.7)(049.3)
https://doi.org/10.55302/MF2588167mr
Изворен (оригинален) научен труд

# МОДИФИКАЦИИ НА ПРЕДАНИЕТО ЗА ОСНОВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКАТА КРАЛСКА ДИНАСТИЈА НА АРГЕАДИТЕ

Катерина Младеновска-Ристовска
Институт за национална историја, Скопје
Датум на прием: 16.7.2025

**Апстракт:** Според најстариот запис на преданието за основањето на македонската кралска династија на Аргеадите, нејзин основоположник бил кралот Пердика. Кај подоцнежните се забележува дополнување на македонската кралска листа, најпрвин со Каран, како основоположник, а подоцна и со други владетели пред Пердика. Во трудот се осврнуваме на овие древни, сакрални преданија од традицијата на античките Македонци, кои претставуваат своевидно пресоздавање или обид за творечка реконструкција на основите на македонското древно минато.

**Клучни зборови:** македонска династија Аргеади, Пердика, Каран, Архелај

Потеклото на македонската античка популација, времето на формирањето на македонската држава и потеклото на првата македонска династија на Аргеадите, која владеела со Македонското Кралство од околу 707/706 до 310/309 г. пр. н. е.,[1] отсекогаш го привлекувала вниманието на истражувачите. Но, проучувањето на тоа далечно минато е отежнато со тешко премостливи пречки поради големата временска оддалеченост и малкуте скудни историски извори. Не е многу подобра ниту состојбата со материјалните извори, во прв ред поради фрагментарните материјални остатоци со несигурна хронологија. Сепак, со компаративно користење и со анализа на скудните постојни извори, можат мозаично да се откриваат и да се распознаваат контурите на светот, животот и светогледот на античките Македонци во тие далечни времиња.

Податоците за најраната историја на Македонското Кралство се базираат на преданија и на легенди, па оттука таа не може да се документира со поголема сигурност и отвора многубројни дискутабилни прашања за различни толкувања во историската наука. Митолошкото предание за основањето на првата македонска кралска

[1] Познати се вкупно 21 владетел од оваа династија: Пердика I (707/6 – 659), Аргај (659 – 645), Филип I (644 – 640), Аероп I (639 – 574), Алкета (583 – 541), Аминта I (540 – 498), Александар I (498 – 454), Пердика II (454 – 413), Архелај (413 – 399), Орест (399 – 396), Аероп II (396 – 393), Аминта II (393 – 393), Павсанија (393 – 392), Аминта III (393/2 – 370/69), Александар II (370/69 – 369/8), Птолемај Алорски (368 – 365), Пердика III (365 – 360/59), Филип II (359 – 336), Александар III Македонски (Велики) (336 – 323), Филип III (323 – 317) и Александар IV (323 – 310/9).

династија на Аргеадите како најран запишувач ни го соопштува Херодот. Многу е веројатно дека тој престојувал во Македонија во времето на владеењето на Александар I и ги запишал информациите слушнати директно од самите Македонци и веројатно токму на македонскиот кралски двор.[2] Според ова предание тројцата браќа Гаван, Аероп и Пердика, кои биле потомци на Темен, избегале од градот Аргос кај Илирите, а оттаму во градот Лебаја во Горна Македонија, каде што работеле како слуги за плата на дворот на тамошниот крал. Едниот ги пасел коњите, другиот – говедата, а најмладиот од нив, Пердика, – козите и овците. Секогаш кога жената на кралот печела леб, лебот на слугата Пердика сам од себе нараснувал двојно. Кралот помислил дека тоа е божјо чудо и дека предвестува нешто големо, па затоа ги повикал браќата и им рекол да си одат од неговата земја. Кога побарале тие да бидат платени, а нивиот господар наместо плата им ги понудил сончевите зраци што паѓале на подот низ отворот на покривот низ кој излегувал чадот од куќата, Пердика симболично зацрпил од зраците, ги ставил во пазувите и си заминал со неговите браќа. Кога на кралот му била протолкувана симболиката на чинот, наредил да ги фатат и да ги погубат, но тие успеале да избегаат бидејќи кога ја преминале реката, таа толку многу надошла, што гонителите не можеле да ја преминат. Подоцна нивните потомци ѝ принесувале жртви на оваа река како на свој спасител, а браќата се населиле близу до градините на Мида во подножјето на планината Бермиј, од каде ги покориле и другите делови на Македонија. Понатаму Херодот ја изнесува генеалогијата на македонската кралска династија наведувајќи ги седумте претходници на Пердика II и тоа: Пердика I (основачот), Аргај, Филип I, Аероп, Алкета, Аминта I и Александар I (Hdt. 8.137–139).[3]

Наполно е прифатлив коментарот на Е. Н. Борза дека Херодот раскажува поголем дел од приказната без критичко толкување на нејзиното значење, како целосно да го повторува она што го слушнал. Исто така, секој сериозен истражувач ќе се сложи и со неговиот став дека е ризично да ѝ се дава историска веродостојност на оваа приказна (Borza 1990: 81). Тројцата браќа Гаван, Аероп и Пердика во ова предание се претставени како потомци на Темен, син на Аристомах, Хераклеид. Поврзувањето на македонската кралска династија со Хераклеидите, односно со митскиот херој Херакле, било резултат на прохеленски политички тенденции, започнати во времето на македонскиот крал Александар I, кои ќе се провлекуваат и во

[2] М. Василев прави интересна анализа на прашањето дали и кога Херодот ја посетил Македонија (Vasilev 2016: 31–51).

[3] Истата генеалогија ја потврдува и Тукидид со осум претходници на Архелај на кралската листа (Thuc. 2.99.3, 5.80.3, 2.100.2).

подоцнежната македонска традиција. Или поточно, преданието било преобликувано според личниот интерес и прохеленските политички определби на Александар I, кој имал за цел да го подигне својот углед во македонската средина, но и да обезбеди поддршка и престиж во хеленскиот свет како претставник на династијата Аргеади со божествено хеленско потекло и славно хеленско минато. Тоа е изразено во: наведеното божествено потекло на тројцата браќа како потомци на славниот Херакле, грижата за козите токму од најмалиот брат Пердика, волшебното нараснување на тестото за лебот на Пердика, сонцето како божествен симбол, како и волшепството на реката спасителка, која надошла за да им ги спаси животите на тројцата браќа Аргеади. Сето тоа се факти, кои требало да го поткрепат божемното божествено господарско потекло на македонската владетелска династија. Исто така, името Аргос во минатото го носеле неколку градови и области, а Херодот не ја прецизира неговата местоположба. Поради неодржливата хипотеза на некои истражувачи дека Македонците биле од дорско потекло, тој често се поистоветувал со Аргос на Пелопонез, лоцирање што само за себе наведува на заклучокот дека македонската кралска династија на Аргеадите има хеленско потекло. Дилемите за лоцирањето на Аргос ги отклонуваат историските извори во кои е наведено дека тие биле од Аргос во Орестида (App. *Syr*. 63.333; Diod. 7.15).[4] Според тоа, како што констатира Е. Н. Борза, аргивскиот контекст е митски, можеби дел е од пропагандата на V век пр. н. е. кога било модерно сите видови херојски и митски дела да се поврзуваат со славната Аргивска држава. Оттука, Теменидите во Македонија се измислица на самите Македонци, со цел делумно да ѝ дадат вистинитост на изјавата на Александар I за хеленското потекло, а вистинското име на македонската династија е Аргеади (Borza 1990: 80–84). Името на династијата Аргеади се среќава во повеќе извори (Strab. 7.11; Paus. 7.8.9; App. 9.2; Athen. 14.659). Тие биле едно од македонските племиња, кое ја предводело македонската експанзија, а воделе потекло од Аргеј, син на Македон (Steph. Byz. s.v. *Argeou*).

Поконкретно, кога на престолот дошол Александар I (498 г. пр. н. е.), тој ги проширил границите на Македонското Кралство до западниот брег на реката Стримон, а Македонија се издигнала во моќна држава од разединетите хеленски полиси. Тој сакал со нив да воспостави поблиски односи и да преземе водечка улога во хеленскиот свет. Затоа измислил и приказна за неговото учество на Олимписките игри, запишана од Херодот, која ни соопштува дека Македонците не

[4] За спротивставените гледишта на оваа тема види: Borza 1990: 80–84; Hammond & Griffith 1979: 3–14; Проева 2004: 80–82; Sprawski 2010: 127–131; Младеновска-Ристовска 2012: 11–25.

биле прифаќани како Хелени и не е случајност судиите (*helenodikai*) да не му допуштиле даземе учество, велејќи дека натпреварот не е за натпреварувачи барбари, туку за Хелени. За сепак да учествува на игрите што дотогаш не му било дозволено на ниту еден Македонец, тој морал да го докажува своето наводно хеленско потекло, за што најсоодветен привиден доказ бил фактот дека е Аргеец (од Аргос). Тој ја искористил хомонимијата, заменувајќи го македонскиот орестидски Аргос со попознатиот пелопонески Аргос. Дека и самиот Херодот не верувал во неговото хеленско потекло сведочи фактот што на едно место пишува дека Тесалците биле првите Хелени што ја признале персиската власт (Hdt. 7.130). Во прилог на ова објаснение за настанокот на митот се и сочуваните списоци со победниците на Олимписките игри (Euseb. *Chron.* 74), каде што, според Херодот, божем победил (Hdt. 5. 22), а на нив го нема неговото име. Од политички и од економски причини, Хелените можеле да го прифатат и тој новосоздаден мит за хеленското потекло на македонската кралска династија Аргеади, како оправдувањето на хеленската колонизација на македонскиот морски брег, задржувајќи го пазарот за дрво и смола за градење на бродови и др. (Проева 2004: 70–71).

Од друга страна, преданието во Херодотовата *Историја* ни разоткрива дел од најраните верувања на античките Македонци, кои ќе се задржат и во нивната подоцнежна традиција: култот на сонцето, како еден од најраширените, па оттука и прифаќањето на сонцето како еден од најзастапените македонски симболи (Borza 1990: 81; Greenwalt 1994: 3–8); култот на водата, т.е. почитувањето на реките како божества на кои им се принесуваат жртви; симболиката на козата во македонскиот дворски церемонијал; и симболиката на лебот и житото, користени во свадбените церемонии и ритуалите на основање градови (Проева 2014: 173–175, 187–188). Исто така, најверојатно е откриена и точната локација на споменатиот град Лебаја, во западниот дел на Пиерија, според еден откриен натпис кај селото *Leukopetra* (Извор) (Petsas 1983: 238; Hatzopoulos 2003: 203–218). Ова се совпаѓа со нашето сознание дека најраната татковина на Македонците била околу Пиерија и Олимп (Hes. *Cat. Gyn.*, fr. 3; Const. Porphir. *De them.* 2 p. 48). Дека легендата запишана од Херодот ја одразува најстарата фаза во создавањето на македонската држава покажува фактот што имињата на трите браќа се епиграфски посведочени во Македонија, а Пердика и Аероп – и како „кралски" (Проева 1997: 43).

Како основоположник на Македонското Кралство, Пердика се споменува и во едно пророштво на светилиштето во Делфи. Во него се вели дека кога Пердика се обратил во Делфи, му било изречено следново пророштво: „Возвишените Темениди имале кралска власт / над плодоносната земја, бидејќи тоа им го дал ајгидоносецот Ѕевс. / Но

оди брзо во Бутеида[5] богата со стока. / Таму ти ќе видиш белороги кози налик на снег / потонати во сон, во рамницата на таа земја / принеси им жртва на блажените богови и основај град на држава“ (Diod. 7.16). Ова пророштво речиси сигурно било создадено *post eventum*, за да се прослави основањето на престолнината Ајга и да се објасни значењето на нејзиното име со вметнувањето на мотивот на козата (Hammond & Griffith 1979: 8). Првиот впечаток што се добива при читањето на текстот е мотивот на козата. Ова се поклопува со Херодотовиот запис дека најмладиот од тројцата браќа бил задолжен за пасењето на козите и овците и е очигледно дека целта е да алудира на главниот град Ајга.[6] Бидејќи во текстот е употребена определбата „Темениди“, времето на настанувањето на пророштвото веројатно се совпаѓа со периодот на интензивното прославување на хеленското минато и со потеклото на македонската кралска династија. Ова наведува на претпоставката дека тоа можеби настанало во времето на Александар I, но веројатно не му било познато на Херодот бидејќи тој ги обожувал пророштвата и да го знаел, сигурно би го споменал. Освен тоа, ако ја прифатиме претпоставката дека Херодот престојувал во Македонија е веројатно дека пророштвото не постоело за време на неговиот престој, бидејќи Александар I сигурно би го искористил за да го потврди своето хеленско потекло и би му го соопштил. Можеби пророштвото настанало по заминувањето на Херодот од Македонија, бидејќи Александар I до крајот на своето владеење продолжил да води прохеленска политика, па меѓу другото била подигната и негова статуа во Делфи (Hdt. 8.121).

Значи, според најстариот запис, основоположник на македонската кралска династија е Пердика, но кај подоцнежните автори се забележува дополнување на македонската кралска листа, најпрвин со еден, а подоцна со повеќе владетели пред Пердика, кои го

[5] Името Бутеида (*Βουτηίδα*) предизвикало забуна кај некои од истражувачите, кои неретко го емендирале со *Βοττηίδα* за што препоставувале дека е форма за *Βοττία* или *Βοττιαία*. Своевидно решение на овој проблем наоѓаме кај Стефан Византиски (St. Byz. s.v. *Πέλλα*) кај кого се вели дека Пела во Сирија, наследникот на Ајга како главен град, била наречена *ἡ Βοῦτις*. Оттука произлегува дека ова било традиционалното име поврзано за главниот град (Hammond 1972: 435, бел. 1).

[6] За Ѕевс е употребен епитетот ајгидоносец, кој е исто така поврзан со козата бидејќи покрај значењето на штит кој заплашува со мрак, гром и молњи, а најчесто го носат Ѕевс и Атена и понекогаш Аполон, ајгидата (*αἰγίς*) што е составен дел на зборот, етимолошки се врзува за коза (*αἴξ*) и може да има значење на козја кожа или оклоп од козја кожа. Двете значења на ајгидата се поврзани бидејќи козјата кожа била симбол на борба и на бура. Според тоа, е очигледно дека целта на зборовите „кози“ и „ајгидоносец“ во пророштвото е да алудираат на главниот град Ајга.

достигнуваат бројот од тринаесет кралеви. Овие дополнувања исто така се базираат на преданија во различни модифицирани форми. Првото дополнување на кралската листа е Каран. Ова можеме да го видиме во зачуваното пророштво според кое Каран сакал да го напушти Аргос и да основа населба во Македонија. Тој дошол во Делфи и го добил овој одговор од богот Аполон: „Слушај, возвишен Каране, и имај ги на ум моите зборови. / Напушти го Аргос и Хелада со убавите жени и / оди кај изворите на Халијакмон. Штом видиш таму / кози како пасат, тогаш треба / да живееш среќен ти и целото твое потомство“ (Scholia Clem. Alex. *Protrep.* 2.11; Parke & Wormell 1956: 63). И за ова предание се изнесени различни претпоставки во врска со времето на неговото настанување. Има мислење дека тоа е постаро од преданието за Пердика и е изум од петтиот век што се поврзува со времето кога Александар I стекнал голем углед во Хелада, па во Делфи му била дадена потврда во знак на поддршка на неговата генеалогија (Parke & Wormell 1956: 63–64). Но, ако оваа претпоставка е точна, немаме одговор на прашањето зошто ниту ова пророштво, ниту Каран како основач на Македонското Кралство не се споменати од Херодот. Има и мислење дека пророштвото било создадено во времето на Архелај, кој, меѓу другото, бил во потрага по поимпресивна слика за почетоците на Македонското Кралство (Hammond & Griffith 1979: 11). Оваа претпоставка се чини прифатлива, со оглед на тоа што во времето на Архелај се манифестирала изразита прохеленска тенденција за преобликувањето на митот за создавањето на Македонското Кралство, која отишла дотаму што Еврипид создал сосема нови верзии во кои традиционалниот основач на Македонското Кралство го заменил со својот патрон Архелај. Исто како и пророштвото за Пердика, и ова предание е од типот на т.н. етимолошки преданија, и може да се дефинира како форма на легенда во која пророштвото пропишувало барателот да се насели таму, каде што е исполнет некаков наведен услов, а кога основачот го сторил тоа, го именувал местото според она што му било кажано да го набљудува (Parke & Wormell 1956: 63). Според пророштвото, Каран треба да ги напушти Аргос и Хелада и да оди во потрага по нов дом. Не е прецизирана географската локација за кој Аргос се работи, но според наведеното „Аргос и Хелада“ се подразбира дека тој Аргос е во Хелада. Овде може да се види, во вистинска смисла, суштината на творечкото преобликување, кога и со мали промени на текстот се вршат суштествени промени во содржината. Хомонимијата Аргос на Пелопонез и Аргос во Орестида всушност од исти причини ја создал и Александар I.

Ваквата содржина на пророштвото кај подоцнежните автори ја развило идејата дека Каран всушност требало да основа колонија

(*apoikia*).[7] Така, во записот на Јустин се вели дека според пророштвото од Делфи, Каран тргнал да бара царство таму каде што ќе го одведат козите. Тој пристигнал во Македонија, или поточно во Ематија, да бара населби заедно со големо множество Хелени, од што би требало да се заклучи дека и самиот бил Хелен, од некоја област надвор од Македонија. По трагите на козите и заштитен од големиот дожд, тој незабележливо успеал да го заземе градот Едеса и одлучил тука да биде седиштето на неговото владеење. Останал побожно доследен и секогаш пред својата војска, пред знамињата, ги носел истите тие кози како водачи во неговите потфати, а како благодарност за освојувањето на градот Едеса, го преименувал во Ајга.[8] Значи, и овде се провлекува пропагандата за хеленското потекло на македонската кралска куќа. И овде митот ја објаснува симболиката на козата кај Македонците и посебно на кралскиот двор, но зборува и за други владетели, меѓу кои и за кралот на Бригите – Мида, со чие протерување, успеал да ги обедини тукашните етнички заедници во едно единствено кралство. Потоа само соопштува дека по Каран на власт дошол Пердика, без да споменува некакво сродство, што во други пригоди го прави (Iust. 7. 1–2).

Кај Синкел, пак, имаме поинакво известување. Имено, Каран и неговите придружници пристигнале во областите покрај Македонија. Тој склучил сојуз со кралот на Орестите против Еордите, соседен народ, и добил половина од новоосвоената територија поради сојузот. Потоа тој ја зазел Македонија, основал град во неа според пророштвото, и напаѓајќи, го основал Македонското Кралство, коешто, неговите потомци по ред, го наследувале (Sync. 373). Можно е при пишувањето на текстот Синкел да го имал предвид Херодотовиот запис на преданието (Hammond & Griffith 1979: 9–10). Но, ако е така, тогаш зачудува фактот што како основач го споменува Каран. Слично известување за Каран има и кај Еусебиј (Diod. 7.15), од каде што може да се сфати дека половината од кралството на Орестите што го добил Каран е всушност кралството на Пердика што сакал да го прошири. Каран овде фигурира како владетел на Орестида, а за Орестида се поврзува и името на кралот Пердика.

---

[7] Н. Г. Л. Хамонд укажува дека ова е главната разлика меѓу ова пророштво и пророштвото за Пердика. Каран треба да го напушти Аргос и да отиде во Македонија во потрага по нов дом, додека Пердика треба да основа главен град за неговото кралство, коешто веќе постои (Hammond & Griffith 1979: 9). Оттука, неговото мислење се разликува од мислењето дека станува збор за алтернативна верзија на пророштвото (Parke & Wormell 1956: 63).

[8] Заради овој погрешен податок на Јустин, долго време се мислеше дека Ајга и Едеса се еден ист град, сè додека археолошките ископувања потврдија дека Ајга се наоѓа кај Вергина.

Вметнувањето на Каран како прв на кралската листа е можно да потекнува и од времето на владеењето на Архелај, бидејќи тој не е споменат ниту од Херодот, ниту од Тукидид, како и поради фактот што за време на владеењето на Архелај се забележува најизразена тенденција за митска актуализација на македонското минато која отишла дури дотаму што во делата на Еврипид, за основач на Македонското кралство бил прогласен Архелај. Имено, во чест на својот патрон – кралот Архелај, Еврипид ја напишал драмата *Архелај*, во која, во македонската пропаганда ги вклучил и пророштвата. За оваа драма, со сигурност се знае дека била завршена и изведена 407 г. пр. н. е., но за жал од неа се зачувани само малубројни фрагменти. Во еден фрагмент од оваа драма Архелај се појавува како син на Темен, кој немајќи деца, побарал совет во Додона. Свештеникот на Диона му одговорил дека Ѕевс ќе му даде дете и дека детето ќе се вика Архелај (*Eur.*, fr. 2.). Нема сомнение дека Еврипид го измислил пророштвото за да му укаже чест на својот домаќин, употребувајќи необична уметничка слобода и користејќи ја познатата традиционална тема за основањето на кралството. За Архелај, како основоположник, се поврзува и уште едно забележано пророштво. Имено, Архелај, како син на Темен, прогонет од браќата, дошол во Тракија кај кралот Кисеј, кој му го ветил целото кралство и неговата ќерка ако му помогне во борбата против непријателот, кој не е именуван. По победата, тој не сакал да го одржи ветувањето и планирал да го убие. Архелај го убил Кисеј, побегнал во Македонија и според пророштвото на Аполон, предводен од коза, го основал градот Ајга според името на коза (Hyg. *Fab*. 219). Но, освен на овие места, Архелај не фигурира како основач на Македонското Кралство на ниту една кралска листа и во ниту една генеалогија. Неговото вметнување на кралската листа како основач, никогаш не било прифатено во македонската традиција.

Има и мислење дека вметнувањето на Каран на кралската листа се случило по смртта на Архелај, за време на династичките борби за престолот, кога кралската власт преминала во рацете на друга гранка од лозата на Аргеадите. Имено, ненадејната смрт на Архелај и проблематизирањето на правото на првенство во наследувањето, довеле до династички борби за престолот и слабеење на централната власт, кога за релативно кратко време на македонскиот престол се смениле четири кралеви. Со стапувањето на престолот на Аминта III, згаснала гранката на Пердика II. Тој не бил директен потомок на дотогашната владејачка гранка на Аргеадите, туку припаѓал на друга споредна гранка, која застанала на македонскиот престол. Оттука, за да даде легитимитет на своето владеење, оваа гранка на Аргеадите воведува нов митски предок, кој ќе се разликува од претходниот (Greenwalt 1985: 43–49). За разлика од Архелај, кој никогаш не се појавил на официјалната генеалогија, Каран, како основач на

Македонското Кралство, цврсто застанал на нејзиното прво место до средината на IV век пр. н. е., па оттука очигледно дека неговото внесување било направено официјално, односно со поддршка на некој од македонските кралеви. Во секој случај, од средината на IV век па натаму, Каран бил јасно утврден на македонската кралска листа. Плутарх, во неговиот животопис на Александар Велики, ќе напише дека една работа што е целосно прифатена, е Александровиот предок од татковата страна, од Каран, како Хераклеид, а од мајчина страна од Неоптолем, како Ајакид (Plut. *Alex*. 2).

Општо земено, одговорот на прашањето која била причината за внесување на Каран на кралската листа, останува на нивото на претпоставките. Можно е Каран да бил историска личност, бидејќи и старите автори се обидувале временски да го сместат неговото владеење. Така, според Синкел, тој бил единаесетти по ред од родот на Хераклеидите, а седми од Темен. Со Македонија владеел 28 години и тоа 18 години пред првата Олимпијада, што значи 794 г. пр. н. е. (Sync. 373). Според Еусебиј, Каран владеел 18 години пред првата Олимпијада (значи 794 г. пр. н. е.) и владеел 30 години (до 764 г. пр. н. е.). Него го наследил Којнос, кој владеел 28 години (764 – 736 г. пр. н. е.), а по него владеел Тирима 43 години (736 – 693 г. пр. н. е.). Според Сатир, Каран е деветти од Хераклеидите, а според Константин Порфирогенит, тој е третиот син на Херакле (*FGrH* 630 F 1). Исто така, во очи паѓа сојузот што го склучува Каран со Орестите и нивниот крал за борба против Еордите, за што добил половина од новоосвоената територија, како што известуваат Синкел и Еусебиј. Значи, и во двете известувања, името на Каран се поврзува со Орестида, па е можно тој да бил владетел на Орестида, татковината на тројцата браќа Гаван, Аероп и Пердика, пред или за време на нивното пребегнување, па во таа смисла да му е претходник на Пердика. Можно е Каран да бил и митска персонификација, со оглед на тоа што етимологијата на името Каран може да се поврзе со зборовите *karano* и *karannos* што во некои дијалекти значат ‘коза или јаре’. Можно е овој збор да го имал истото значење и во античкиот македонски јазик, па на тој начин да е во директна врска со името Каран, или е можно Каран да бил обожуван како македонски бог на козите и да ја отсликува древната македонска зоолатриска традиција. Исто така, за разлика од името Пердика, кое се среќава само на македонска територија,[9] името Каран се поврзува уште за најстарата хеленска хомерска традиција. Кај Хомер *κάρανος* значи *поглавар*, *владетел*, *крал*, *господар*.[10] Каран подоцна прераснало во

[9] П. Хр. Илиевски укажува дека името Пердика спаѓа во групата лични имиња што можат да се објаснат со средства од старогрчкиот, но се документирани само на македонска територија (Илиевски 1996: 23).

[10] Исто така и кај Ксенофонт (Xen. *HG* 1.4.3).

лично име со значење на човек што има или би требало да стекне особини на крал или владетел. Оттука, поетите во преобликувањето на старата традиција, наместо да го употребуваат името Пердика, кое за нив било невообичаено, го употребиле името Каран, карактеристично за хеленската традиција. Или, според редоследот на настаните, еден Хераклеид дошол од Аргос во Македонија и ја основал кралската куќа во Ајга. Тој бил „κοίρανος" во хомерска смисла на зборот, а подоцна прераснал во лично име на македонскиот крал Каран. На вакво размислување нè наведува и постојната литература, во која се забележува обид да се стават заедно во исполнувањето на пророштвото и активностите на Каран и активностите на Пердика. Или поинаку речено, можно е да станува збор за една иста традиција под две различни имиња (Mladenovska-Ristovska 2017: 29–40).

Со Каран, Којнос и Тирима, не завршува дополнувањето на македонската кралска листа. Митолошките извори наведуваат и други кралеви, но со несигурна фактографија. Кај нивните автори среќаваме тенденција за изведување псевдоисториски заклучоци со желба да се поврзе раната историја на античките Македонци со хеленската митологија. Во изворите (*FGrH* 630, Sat. F 1.) се среќаваат, а во литературата дури и хронолошки се наведуваат и дваесетина други македонски митски кралеви и тоа по следниот редослед: Херакле, Хилос, Клеодај, Аристомах, Темен, Кисеј, Тестиј, Мероп, Аристодамида и Фејдон. Речиси сите наведени имиња се потомци на Херакле – Хераклеиди. Значи, со прогласувањето на потеклото на македонската кралска династија од Аргос на Пелопонез, на македонската кралска листа логично се наметнале Херакле и Хераклеидите.

Во најдалечното минато на непостоење на писменост или во подоцнежните периоди на недостиг на пишани записи, сознанијата за македонското минато се пренесувале како усни преданија низ генерациите. Како такви, тие се засновани на поблиската или на подалечната стварност, со помалку или со повеќе зачувана или творечки надградена фактографија, бидејќи со текот на времето претрпувале разни слободни обликувања и преобликувања, со разни измени, скратувања и дополненија до подоцнежните записи. Со текот на времето, тие воспримале и разни фантастични елементи, засновани на реминисцентни верувања, иако од точно неутврдено време, тие претставуваат своевидно пресоздавање или обид за творечка реконструкција на основите на македонското древно минато. Обично се темелеле на постојни факти, но со текот на времето, помалку или повеќе, се отклонувале од реалноста, се губела нивната автентичност, се мешале со други преданија, се поврзувале со други географски поими, претстави, сфаќања и сл. Па, и кога не содржат никаква вистина, сепак даваат впечаток на приближување до стварноста.

## ЛИТЕРАТУРА

### Кирилични изданија

Илиевски, П. Хр. 1996. „Јазиците на почвата на Македонија во античкиот и рановизантискиот период“. *Јазиците на почвата на Македонија*, Макропроект „Историја на културата на Македонија”, кн. 3. Скопје: МАНУ, 19–31.

Младеновска-Ристовска, К. 2012. „Преданието за основањето на Македонското Кралство“. *Филолошки студии*, год. X, бр. 1. Скопје: Институт за македонска литература, 11–25.

Проева, Н. 1997. *Студии за античките Македонци*. Библиотека Historia Antiqua Macedonica, Посебни изданија, кн. 5. Охрид: Macedonia Prima.

Проева, Н. 2004. *Историја на Аргеадите*. Библиотека Historia Antiqua Macedonica, Посебни изданија, кн. 8. Скопје: Графотисок.

Проева, Н. 2014. *Религијата на античките Македонци*. Библиотека Historia Antuqua Macedonica, Посебни изданија, кн. 11. Скопје: Графотисок.

### Латинични изданија

Borza, E. N. 1990. *In the Shadow of Olympus: the Emergence of Macedon*. Princeton, New Jersey: Princeton University Press.

Greenwalt, W. S. 1985. “The Introduction of Caranus into the Argead King List”. *Greek, Roman, and Byzantine Studies*, vol. 26, no. 1. Durham: Duke University Press, 43–49.

Greenwalt, W. S. 1994. “A Solar Dionysus and Argead Legitimacy”. *Ancient World*, vol. 25. Chicago: Ares Publishers, 3–8.

Hammond, N. G. L. 1972. *A History of Macedonia*, vol. I, *Historical Geography and History*. Oxford: Clarendon Press.

Hammond, N. G. L. & G. T. Griffith. 1979. *A History of Macedonia*, vol. II. Oxford: Clarendon Press.

Hatzopoulos, M. 2003. “Herodotos (8.137–8), the Manumissions from Leukopetra, and the Topography of Middle Haliakmon Valley”. *Herodotus and His World, Essays from a Conference in Memory of George Forrest.* Derrow, P. & R. Parker (eds.). Oxford: Oxford University Press, 203–218.

Mladenovska-Ristovska, K. 2017. “Macedonian King Caranus, among the Myth, History and Tradition”. *Гласник*, год. 61, бр. 1–2. Скопје: Институт за национална историја, 29–40.

Parke, H. W. & D. E. W. Wormell. 1956. *The Delphic Oracle*, vol. I, *The History*. Oxford: Basil Blackwell.

Petsas, Ph. 1983. “Μήτηρ Θεῶν Αὐτόχθων. Unpublished Manumission Inscriptions from Macedonia”. *Ancient Macedonia* III. Thessaloniki: Institute for Balkan Studies, 229–246.

Sprawski, S. 2010. “The Early Temenid Kings to Alexander I”. *A Companion to Ancient Macedonia*. Roisman, J. & I. Worthington (eds.). Oxford: Blackwell.

Vasilev, M. 2016. “The Date of Herodotus’ Visit to Macedonia”. *Ancient West & East* 15. Leuven/Leiden: Peeters Publishers/Brill, 31–51.

**Други извори**

App.: Appianus 1879 – 1881. *Historia Romana*, vol. I-II, ed. L. Mendelsohn. Lipsiae: B. G. Teubner.

Athen.: Athenaeus 1887 – 1890. *Naucratitae Dipnosophistarum*, rec. G. Kaibel, vol. I-III. Lipsiae: B. G. Teubner.

Clem. Alex.: Clemens Alexandrinus 1831 – 1834. *Opera omnia*, vol. I-IV, rec. R. Klotz. Lipsiae: E. B. Schwiekert.

Const. Porphir.: Constantinus Porphyrogenitus 1811. *De thematibus et de administrando imperii*, rec. I. Bekkerus. Bonnae: Impensis ed. Weberi.

Diod.: Diodorus Siculus 1933 – 1967. With an English Translation by C. H. Oldfather. vol. I-XII. Cambridge, Mass.: Harvard University Press; London: William Heinemann.

Eur.: *Nova Fragmenta Euripidea in Papyrus Reperta* 1968, ed. C. Austin. Berlin: Walter De Gruyter.

Euseb.: Eusebius Pamphilus 1818. *Chronicon*, vol. I-II, opera P. J. B. Aucher. Venetiis: typis Coenobii PP. Armenorum in insula S. Lazari.

*FGrH*.: *Die Fragmente der griechischen Historiker* 1989, ed. Felix Jacoby. Leiden/Boston: Brill.

Hdt.: Herodotus 1927. *Historiae*, rec. C. Hude. Oxonii: e Typographeo Clarendoniano.

Hes.: Hesiodus 1908. *Carmina*, ed. A. Rzach. Lipsiae: B. G. Teubner.

Hyg.: Hyginus 1872. *Fabulae*, ed. M. Schmidt. Jenae: apud Hermannum Dufft.

Iust.: Iustinus 1972. *Epitoma Historiarum Philippicarum Pompei Trogi*, ed. O. Seel. Stutgardiae: B. G. Teubner.

Paus.: Pausanias 1881 – 1883. *Descriptio Graeciae*, rec. J. H. C. Schubart. Lipsiae: B. G. Teubner.

Plut.: Plutarchus 1889 – 1892. *Vitae parallelae*, rec. C. Sintenis. Lipsiae: B. G. Teubner.

Steph. Byz.: Stephanus Byzantius 1849. *Ethnicorum*, rec. A. Meinekius. Berolini: G. Reimer.

Strab.: Strabo 1877. *Geographica*, rec. A. Meineke, vol. I-III. Lipsiae: B. G. Teubner.

Sync.: Syncellus Georgius et Nicephorus 1829. *Chronographia*, rec. W. Dindorf, vol. I-II. Bonnae: E. Weber.

Thuc.: Thucydides 1938. *Historiae*, ed. H. S. Jones and J. E. Powel. Oxford: Oxford University Press.

Xen.: Xenophon 1900 – 1920. *Opera omnia*, rec. E. C. Marchant, vol. I-V. Oxonii: e typographeo Clarendoniano.

## MODIFICATIONS OF THE LEGEND FOR THE FOUNDATION OF THE MACEDONIAN ROYAL DYNASTY OF THE ARGEADAE

Katerina Mladenovska-Ristovska
Institute of National History – Skopje

Summary

According to the oldest record of the tradition for the founding of the Macedonian royal dynasty of the Argeadae, the founder was the Macedonian king Perdiccas. In the later ones, an addition to the Macedonian royal list is noted, first with Caranus as the founder, and later with other rulers before Perdiccas, who reached the number of thirteen kings. All these additions are based on legends in various modified forms. The answer to the question of what was the reason for including Caranus on the royal list remains at the level of assumptions – it is possible that he was a kind of mythical personification or perhaps a historical figure. The most pronounced tendency for mythical actualization of the Macedonian past is observed during the reign of the Macedonian king Archelaus, which went so far that in the works of Euripides, Archelaus was declared the founder of the Macedonian kingdom. In fact, in the most distant past of non-literacy or in later periods of lack of written records, knowledge about the Macedonian past was transmitted as oral traditions through generations. As such, they are based on closer or more distant reality, with more or less preserved or creatively upgraded factography, because over time they underwent various free shaping and reshaping, with various changes, abbreviations and additions.